Врз основа на член 163 од Законот за високото образование и член 45 и член 46 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, а согласно Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес од 28.01.2021 година, Деканот на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, распишува

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С**

За избор на демонстратори за изведување вежби во летниот семестар во академската 2020/2021 година по следните предмети:

**1.Технолошко-технички факултетВелес**

1.1. Органска хемија – еден извршител;
1.2. Аналитика на храна – еден извршител;
1.3. Технологија на алкохолни ферментациони производи – еден извршител;
1.4. Технологија на месо, живина и јајца – еден извршител;
1.5. Технологија на храна од животинско потекло – еден извршител;

**2. Технолошко-техничкифакултет Велес – Дисперзирани студии Битола**

2.1.Органска хемија – еден извршител;
2.2.Аналитика на храна – еден извршител;
2.3.Технологија на храна од животинско потекло – еден извршител.

<u>Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи и посебни услови:</u>

1.Да е студент на втор или трет циклус на студии;
2.Студиите од првиот циклус да ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);
3.Да има добиено две препораки од наставниците на факултетот;
4.Да поседува комуникациски вештини и
5.Да има познавања од MS Office.

Пријавите се поднесуваат **лично** во Архивата на **Технолошко-технички факултет Велес, ул.„Димитар Влахов“ бб, од 08.00 до 14.00 часот, со назнака „За интерен оглас” или по пошта.**

Кон пријавата кандидатите треба да приложат:
-кратка биографија;
-уверение дека е студент на втор или трет циклус на студии;
-уверение или диплома за завршен прв циклус студии на факултетот и
–уверение за државјанство.

Интерниот оглас трае 8 (осум) дена сметано од денот на објавувањето.
Неблаговремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

**Технолошко-технички факултет Велес**